**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Државен просветен инспекторат**

**06.07.2024 година**

Тетово

**ОСЕУ„8-ми Септември “ – Тетово**

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | **ОСЕУ„8-ми Септември“ – Тетово** |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 19.02.2024 година до 21.02.2024 година |
| **Број на извештај:** | 2/Полошки плански регион/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Андријана Томовска |
| **Вид на училиштето** | Средно стручно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина Тетово |
| **Наставен јазик:** | Македонски и албански и наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 1134 |
| **Полова структура на ученици:** | 601 машки, 533 женски |
| **Број на наставници:** | 112 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Џевит Сулемани |
| **Директор на училиштето:** | Мирјета Иљази |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 11-16 април 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.Борис Кидрич бб Тетово |
| **Телефон:** | 044 334 317 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ekonomte@yahoo.com<br>8shtatori@tetova.gov.mk<br>oseu-8septemvri-tetovo@schools.mk |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар (2,67) |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 19.02.2024 година до 21.02.2024 година, тим од четири Државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ОСЕУ „8-ми Септември “ општина Тетово.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспекцискиот тим со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

При спроведување на втората фаза од интегрална евалуација се вреднуваше квалитетот и ефективноста на воспитно –образованиот процес, примената на законските и подзаконските прописи и други акти во училиштето. Исто така, при реализаицијa на фазата за имплементација, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училиштен одбор, со Ученичката заедница, разговори со група на ученици и наставници по стручни активи и со дел од членовите на тимвите кои учествувале во изготвување на Самоевалуацијата на училиштето, и прегледана е педагошката евиденција и документација што се води во училиштето.

Реализацијата на наставата во ОСЕУ„8-ми Септември“ општина Тетово, се реализира во согласност со донесените програмски документи изготвени од Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерот за образование и наука, односно се реализира наставен план и наставни програми за стручно образование од Економска-правна и трговска струка за два образовни профили и тоа Економски техничар и Правен техничар. Наставниот план и програмите се реализираат во пропишаниот обем.

Во училиштето се изведува настава по задолжителни (општо образовни предмети и стручни предмети) и изборни предмети, учење преку работа кај работодавач/практична настава, додатна настава, консултативна настава и феријална пракса. Училиштето има воспоставено процедури за избор на изборни предмети за кои учениците се определуваат согласно нивниот интерес и индивидуалните способности.

Училиштето има формирано инклузивни тимови за работа со учениците со попреченост кои поседуваат наод и мислење од релевантна институција, составен согласно законската регулатива и истите се грижат за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште. Во училиштето има 3 ученици со посебни образовни потреби кои имаат добиено стручна проценка на функционалностите од надлежна институција. Од нив 2 (два) ученици се со ментална попреченост, а 1 (еден) ученик е со физичка попреченост.

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и националност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки. Постигањата на учениците во последните три учебни години, говорат за континуитет на постигањтаа на учениците, без големи промени и отстапувања.

Наставниот кадар изготвува годишни и тематски планирања и редовно прави оперативен план за наставен час. Во училиштето има воспоставени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставата од страна на раководниот кадар и училишниот педагог. Наставниците ја планираат додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности, но нивната реализација делумно задоволува. Планирањата кај поголем дел од наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел се забележува недостаток на диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи на работа со учениците, а најчесто индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.

Наставниците се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, од посетата на часовите, забележана е делумна примена на информатичката технологија во наставата, а кај поголем дел од наставниците се забележува традиционален пристап и начин на предавање.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата.

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата на учениците по наставни предмети. Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи – евидентни листови и детали за напредокот на нивното дете, по секој наставен предмет. Родителите се информираат за постигнувањата на своите деца преку добро организирани формални и неформални и индивидуални родителски средби.

Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор. Инфраструктурата на училишниот простор, е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на настава по Норматив. Во училиштето има 9 вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците при несреќни случаи. Училиштето има протоколи како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните.

Училишниот имот е осигуран преку Акционерско Друштво за Осигурување Винер-Виена Иншуренс Груп Скопје со Полиса Полиса CIVO358956 и истата опфаќа осигурување на училишната зграда, спортската сала, мебел и опрема. Осигурани се и учениците и вработените, и тоа учениците се осигурани со осигурителна компанија АД за Осигурување WINER, а наставниците во осигурителна компанија УНИКА АД Скопје.

Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар, кој се грижи за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите. За безбедноста во училишниот простор се грижи обезбедување и чувар. За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации, како и план за евакуација. Училиштето има изведено симулација за постапување во случај на елементарна непогода или друг вид на непогоди. Во училиштето има добра работна атмосфера за време на часовите и другите училишни активности.

Хигиената во училиштето е добра. Училишниот објект е чист, исто и дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, редовно се одржува хортикултурно. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.

Воспоставени се договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Овие процедури во пракса ги спроведуваат по потреба и по лична иницијатива на наставниците со соработка на родителот и здравствената установа.

Во однос на професионална ориентација на учениците, во училиштето е изготвена Програма за планирање на кариера на учениците, а дел од наставниците им даваат стручна помош на учениците за нивната професионална ориенатција како и за изборот на нивното понатамошно образование. Учениците добиваат конкретни информации од наставниците, а се информираат и при посета на отворени денови на Универзитетите кои нудат промотивен материјал и информации за условите и уписите во нив.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции.

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици во пропишана документација. Училиштето е препознатливо во средината и се истакнува според работењето и постигнувањата на учениците во повеќе области,

Вработените и учениците се залагаат за негување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција, покажуваат почит кон различните култури и традиции, придонесуваат за родовата еднаквост, и поттикнуваат активности од мултиетнички карактер. Наставниците правично и со почит се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите. Учениците учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст. Училиштето активно е вклучено во животот на

локалната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Училиштето има сопствена визија и мисија и континуирано се прават напори за нивно исполнување. Наставниците и учениците се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него. Поголем дел од наставниот кадар ужива почит кај родителите. Училишната клима е добра, а кај вработените постои добар професионален однос со меѓусебна почит, но соработката и функционалност на стручните активи е делумна.

ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово располага со лектирни изданија и стручна литература, но не во доволна мера. Во училиштето нема доволни книги особено по стручните предмети по сите наставни јазици. Училиштето располага со наставни средства и помагала согласно со нормативите по стручните предмети.

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. Според стручната подготовка наставниот кадар е соодветен. Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби и континуирано ја нагласуваат потребата од обуки за стекнување компетенции за работа со деца со посебни потреби.

Училиштето нема воспоставено процедура за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој. Училиштето нема креирано Програма за професионален развој на наставниот кадар, а мал дел од наставниците креираат индивидуални програми за професионален развој.

Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за состојбата со училишниот буџет и неговото наменско трошење. Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Финасовиот план и финансиски извештаи се разгледуваат и носат од страна на училишен одбор.

Работата на Училишниот одбор е транспарентна. Членовите на Училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно образовната работа, постигањата на учениците, програмата за развој на училиштето, самоевалуацијата, реализацијата на активностите како и за управување со финансиите во училиштето. Соработката со ВД директорката е партнерска.

Вд директорката на училиштето е именувана со Решение за именување на вршител на должност директор донесено од основачот претставуван од Градоначалник на општина Тетово. Фокусот на работењето на ВД директорката е унапредување на квалитетот на наставата со цел создавање кадри компетентни и конкурентни на пазарот на трудот, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти, и афирмирање на училиштето и постигањата на учениците.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со деловоден број 0101-92/1 од 21.02.2014 година, одобрен од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.УП1 19-2710/2 од 20.03.2014 година. Училиштето има изготвено Самоевалуација со деловоден број 01-170/2 од 31.05.2023 година и Развојна програма за работа со деловоден број 02-6/17 од 11.09.2020 година. За учебната 2023/2024 година, училиштето има донесено Годишна програма за работа со деловоден број 01-247/1 од 30.08.2023 година и истата е навремено доставена до Совет на општина Тетово. Училиштето има изготвено годишен извештај за работата за учебната 2022/2023 година со деловоден број 01-246/1 од 30.08.2023 година.

Од увидот во целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на спроведување на интегралната евалуација во училиштето, како и од разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира дека работата во ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово се оценува со **добар (2,67)**[1].

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и

4. Многу добро.

## Карактеристики на училиштето

ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово е општинско средно стручно училиште кое е лоцирано во Тетово, во близина градскиот Спортски центар. Во ОСЕУ ”8 Септември”, Тетово се образуваат ученици од Економска-правна и трговска струка, и тоа во два профила: Економски техничар и Правен техничар.

Училиштето е основано Владата на Република Македонија со акт за основање број 23-1785/3 од 11.07.1996 година, а носител на основачките права на училиштето е општина Тетово. Училиштето е верифицирано од страна на Министерството за образование и физичка култура, а е регистрирано со акт број 5587/97 од 29.12.1997 година во Основниот суд во Скопје под број 1-69731.

Со Решение бр.11-9/3 од 16.05.2006 на Министерството за образование и наука се одобрува реализација на стручно образование од Економска, правна и трговска струка за образовниот профил Економски техничар и образовниот профил Правентехничар.

Со Решение бр.13-2874/5 од 10.06.2020 на Министерството за образование и наука се одобрува реализација на насвниот план и наставните програми учениците од прва година за образовен профил економски техничар.

Со Решение бр.13-2875/6 од 10.06.2020 на Министерството за образование и наука се одобрува реализација на насвниот план и наставните програми за учениците од прва година за образовен профил правен техничар.

Во училиштето, наставата се изведува во една училишна зграда во две смени. Во рамки на училишниот простор има спортска сала, спортски терени и хортикултурно уреден двор. Наставата се изведува на два наставни јазици: македонски и албански јазик. Во учебната 2023/2024 година, наставата ја следат вкупно 1134 ученици од кои 601 машки и 533 женски, распоредени во 52 паралелки од кои 12 на македонски наставен јазик, 40 на албански наставен јазик од прва до четврта година.

Наставата во училиштето ја реализираат 112 наставници од кои 94 наставници се со стекнато високо образование, 16 наставници имаат завршени магистерски студии и 2 наставници имаат завршено докторски студии. На неопределено работно време се 105 наставници и 7 наставници на определено работно време. Според полот 81 од наставниицте се жени и 31 се мажи, а според етничката припадност 32 се македонци и 80 наставници се албанци. Според работниот стаж во воспитно образовните установи 39 наставници се до 10 години работен стаж, 50 наставници се со стаж од 11-20 години, 21 наставници се со работен стаж од 21-30 година, а 2 наставници имаат работен стаж повеќе од 31 година. Работата на наставниот кадар ја надополнуваат стручни соработници вработени во училиштето односно педагог и библиотекар.

Наставата се изведува во 26 училници и 2 кабинети, а нивната големина соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Исто така во училиштето има 1 (еден) амфитеатар, 1 (една) просторија за медијација и 1 (една) просторија за кариерен центар.

Покрај наведените простории за изведување на наставата во училиштето, постојат и дополнители простории: 1 канцеларија за директорот, 1 канцеларија за пом. директор, 1 канцеларија на педагог, 1 канцеларија на секретар, 1 канцеларија на благајник, 1 канцеларија на сметководител, 1 канцеларија на раководител на смена, 1 канцеларија за наставниците, 2 простории за архива и 1 библиотека.

ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово има 1 фискултурна сала која е комплетно нова со вкупна површина 1197 м$^2$. Во рамки на фискултураната сала постојат целосно опремени соблекувални. Училиштето располага со спортски терени и игралишта со вкупна површина од 1850 м2. Училиштето има формирано училишен спортски клуб - Здружение училишен спортски клуб „Триумф спорт“ – Тетово со Решение број 08-1073/2 од 30.04.2018 година донесно од Агенција за млади и спорт. Работата на училишниот спортски клуб е регулиран со Статут на клубот.

Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонпаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставата во ОСЕУ„8-ми Септември“ општина Тетово се реализира во согласност со донесените програмски документи изготвени од Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерот за образование и наука, односно се реализира наставен план и наставни програми за стручно образование од Економска-правна и трговска струка за два образовни профили и тоа Економски техничар и Правен техничар. Наставниот план и програмите се реализираат во пропишаниот обем.

Според наставниот план наставниците во училиште изведуваат настава по општо образовни предмети, стручни предмети, учење преку работа кај работодавач, додатна настава и феријална пракса според наставниот план. Во училиштето се реализираат слободни часови и содржини програмирани од училиштето со цел учениците да имаат можност да се запознаат и да научат содржини различни од планираните задолжителни програми.

За учење преку работа кај работодавач училиштето има склучено меморандуми за соработка со компании од полошкиот регион.

По некои општообразовни предмети и стручни предмети наставата се реализира со потешкотии поради тесниот училишен простор, недостаток на простории, како и недостаток на наставно нагледни средства.

Покрај редовното образование, во училиштето има можност и за вонредно образование и дообразование.

Училиштето има воспоставено процедури и користи различни начини и средства да ги информира членовите на Советот на родителите, останатите родители како и сите кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што се реализираат во училиштето. Родителите со наставните планови и програми се запознаваат при објавувањето на огласите во училиштето при запишување на учениците во прва година, преку стредствата за јавно информирање. Исто така секогаш кога постои интерес од страна на родителите, на заеднички и индивидуални родителски средби, стручната случба и раководителите на паралелките ги запознаваат родителите со наставениот план и програмите според кои се изведува наставата.

Училиштето изготвува брошури за претставување на својата работа, а најчесто врши презентација на учениците од деветтите одделенија во основните училишта, отворен ден на училиштето како и преку својата веб страница ги запознава учениците и родителите со применуваните наставни планови и програми.

Во редовната настава во ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово има 3 (три) ученици со посебни образоавни потреби со издаден наод и мислење од надлежна институција од кои 2 (два) ученици со ментална попреченост и 1 (еден) ученик со физичка попреченост. Училиштето има формирано инклузивни тимови за учениците со попреченост инклузирани во редовна настава и истите имаат креирано индивидуални образовни планови.

Постапката за определување на изборните предмети доследно се почитува. Изборот на наставните предмети од листата на изборни предмети од соодветниот наставен план го вршат учениците преку анкетирање.

Училиштето има изработено програма за меѓуетничка интеграција со планирани активности во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, како и план за еко интеграција. Училиштето има изготвено план на активности со поставени цели за реализација на еколошките проекти со вклученост на точките од акции од воспоставените еко стандарди. Планот на активности е во согласност со состојбата и структурата на училиштето со цел постигање конкретни резултатити во текот на целата учебна година. Училиштето интегрира содржини од еколошката програма во планирањата на наставата. Поголем дел од планирањата на наставниците содржаат елементи од Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, активности за меѓуетничката интеграција и активности од инклузијата.

Во училиштето постојат 8 (осум) стручни активи и тоа: Албански јазик и литература, македоски јазик и литература, Странски јазици, Општествени науки, Математика и информатика, Економски предмети, Правни предмети и Спорт и спортски активности, но истите делумно функционираат, односно постои делумна соработка помеѓу активите од сродните предмети, особено за изготвување на глобалните и тематските планирања.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето.

Со цел негување на мултикутурализмот постојат примери за оранизирање заеднички активности во рамки на училиштето, во кои се вклучени ученици од мешани етнички групи. Кај поголем број на наставни предмети интегрирани се содржини за негување на мултикултурализмот и почитување на различностите.

Училиштето покажува иницијатива за прилагодување на наставните планови и програми на карактеристиките на локалната средина. Во своите планирања наставниците планираат и содржини за потребите на локалната средина односно планираат одбележување на значајни датуми, прослави, посети на саеми и др.

Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел наставниците следат обуки за стручно усовршување. Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување ги следи училишниот педгог. Реализираните обуки се евидентираат во педагошки картони на наставниците.

Од разговорите со дел од наставниците и родителите, како и од коментарите во анкетните листови провладува мислењето дека недостатокот на кабинети за реализација на наставата по општо образовните и стручните предмети, недоволниот број на наставни нагледни средства и технички помагала по повеќето предмети, значително се одразува на квалитетот на планирањето, организирањето и реализирањето на наставните содржини. Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми. Кај поголемиот дел од наставниот кадар и од претставниците на родителите преовладува мислењето дека дел од постојните наставни планови и програми се многу обемни, а кај поедини предмети дел од наставните содржини содржат застарени податоци и информации. Во училиштето е дискутирано за потребата од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

## 1.3 Воннаставни активности

Во училиштето се планираат и се реализираат воннаставни ученички активности за стекнување знаења, развивање вештини, креативност, меѓуетничка интеграција и афирмација на постигањата на учениците. Во воннаставните активности се опфатени слободни активности на учениците од различни области, ученички екскурзии, ученичка заедница, корисна социјална работа, грижа за заштитата и здравјето на учениците и натпревари по различни предмети организирани на ниво на училиште, општински, регионални и државни. Во овие активности учениците учествуваат по свој слободен избор.

Преку овие активности, учениците имаат можност за стекнување компетенции од интеркултурност односно промоција на својата култура, традиција и значајаности како и прифаќање на различностите. Исто така преку ваквите активности се овозможува сузбивање на стереотипите и поделбите според полот, способноста и социјалната категорија и истите потикнуваат позитивен став кон наставните предмети, учењето и наставата воопшто.

Во Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година планирани се слободни ученички активности, определени се наставниците кои ќе раководат со одредена секција. Во училиштето се забележуваат потешкотии при реализацијата на вонанставни активности, најчесто од објективна природа, како на

пример преоптовареноста на учениците со редовната настава од една страна, и немањето доволно соодветни просторни услови.

Училиштето за афирмирање на вонnаставните активности учествува на манифестации, јавни настапи и други форми на афирмација и промоција. Учениците со своето учество во слободните ученички активности, како и учество на најразлични манифестации, конкурси, натпревари и други вонnаставни активности, вршат афирмација на своите постигнувања и постигнувањата на училиштето во целина. Во последните три учебни години училиштето со свои претставници има учествувано на натпревари од различен тип и област.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Во планирањето и подготовката на ученичките екскурзии активно се вклучени и родителите.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

ОСЕУ „8-ми Септември” општина Тетово изработува статистички извештаи за постигањата на учениците по сите наставни предмети на ниво на училиште. Училиштето има изготвени полугодишни и годишни извештаи, во кои има показатели за постигањата на учениците по паралелки, по пол и по етничка припадност. Секој класен раководител изготвува преглед на тримесечие за успехот во класот преку кој се идентификуваат ученици со потешкотии во учењето. Во училиштето има ученици со посебни образовни потреби, а нивните постигањата се според целите и критериумите во индивидуалните образовани планови, како и според нивните можности.

Од анализа на средниот успех на учениците на двата наставни јазици (македонски и албански) по учебни години се забележува дека општиот успех во изминатите три учебни години е многу добар, одосно за учебна 2020/2021 година, средниот успех на учениците е 3,59, за учебната 2021/2022 година средниот успех на учениците е 3,52 и за учебна 2022/2023 година средниот успех на учениците е 3,50. За учебната 2023/2024 година по завршување на прво полугодие, средниот успех на учениците е 3,11. Согласно наведеното, се забележува незначително мало опаѓање на успехот на учениците.

Видно од содржината на извештатите училиштето изготвува статистички анзлизи, но истите не содржат наративен дел со анализа за причините за вакви постигања. Училиштето нема воспоставени процедури за идентификација на надарените ученици и учениците кои имаат потешкотии во учењето.

Споредбени анализи за постигнатиот успех на учениците од државнта матура училиштето редовно изготвува и со постигнатиот успех се запознаваат сите училишни структури.

Дел од наставници во текот на редовната настава на учениците кои имаат потешкотии во учењето им обезбедуваат поддршка, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Дел од наставници предлагаат мерки за подобрување на успехот преку реализација на дополнителна настава. Дополнителната настава не се реализира во потребниот обем и за тоа најчесто како причина се наведуваат просторниот капацитет на училиштето, а додатната настава се реализира по потреба а најчесто пред натпревари и други манифестации. За учениците со посебни образовни потреби иклузирани во редовната настава формирани се инклузивните тимови и во нивната работа вклучен е ВД директорката на училиштето и помошник на директорот, сите наставници кои реализираат настава во паралелката каде се инклузирани учниците со посебни потреби и родителите на учениците.

Училиштето со свои претставници има учествувано на натпревари во изминатите три учебни години и има освоено награди. Во учебната 2020/2021 година 1 (еден) ученик има освоено прво место и 1 (еден) ученик има освоено второ место на државен натпревар, во учебната 2021/2022 година 3 (три) учници имаат освоено трето место на државен натпревар, во учебната 2022/2023 година 2(два) ученици имаат освоено прво место на општински натпревар, 4 (четири) ученици на регионален натпревар и 1 (еден) ученик на државен натпревар, 1(еден) ученик има освоено второ место на регионален натпревар и 2 (два) ученици државен натпревар, како и 2 (два) ученици имаат освоено трето место на државен натпревар.

Тим на ученици од ОСЕУ„8-ми Септември“ општина Тетово имаат освоено прво место на натпревар во организација на Фондот за иновации и технолошки развоја во рамки на Еко –проектот „Предизвици – проблемот во поврзување со водата“ и училиштето е наградено со финансиски средства. Во училиштето се забележани и постигнати значајни резултати на образовната олимпијада МАССУМ 2022 година и тоа: освоено прво место во дисциплина „Интервју за работа“, второ место во дисциплина „Маркетинг план“ и трето место во дисцилина „Најдобар штанд“. Ученици од ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово биле победници во изборот за најдобра фотографија во рамки на проект каде учествувале 60 (шеесет) средни училишта од Западен Балкан.

Училиштето нема интерен акт за избор на ученик на генерација, а постигантите резултати од натпревари и проекти се промовираат на денот на училиштето и други манифестации кои ги организира училиштето.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Училиштето ја следи редовноста на учениците и изготвува статистички извештаи, но не ги анализира причините за отсуство од наставата (неоправдано и оправдано) и не презема конкретни активности за подобрување на редовноста.

Бројот на изостаноци по учебни години на ниво на училиште е следен: во 2020/2021 година има 15637 изостаноци од кои 11971 оправдани и 3666 неоправдани, во 2021/2022 година 71117 изостаноци од кои 54896 оправдани и 16221 неоправдани, а во 2022/2023 година има 82040 изостаноци од кои 66700 оправдани и 15340 неоправдани, од кое јасно може да се констатира дека бележи значаен тренд на зголемување на изостаноците од настава.

Училиштето обезбедува услови за запишување на ученици вклучувајќи и услови за запишување на ученици со посебни образовни потреби, согласно Конкурсот за запишување на учници во јавните средни училишта кој се објавува за секоја наставна година. Во училиштето за учебната 2020/2021 година вкупно биле запишани 1201 ученици, за учебната 2021/2022 година вкупно биле запишани 1298 ученици, за учебната 2022/2023 година вкупно запишани 1219 ученици и во учебна 2023/2024 година се запишани вкупно 1134 ученици, и истите се распоредени во 52 (педесет и две) паралелки.

Училиштето го следи и евидентира осипувањето на учиниците. Најчеста причина за осипувањето односно испишувањето на учениците е поради преселба во друго место во државата или странство. Во учебната 2020/2021 година се отпишале вкупно 22 ученици, во учебната 2021/2022 година се отпишале 63 ученици, во учебната 2022/2023 година отпишани се вкупно 31 ученици, а во тековната учебна година, 2023/2024 година се отпишале 18 ученици. Покрај оспишувањето, се забележува и прилив на ученици и тоа во учебната 2020/2021 година има прилив од 5 (пет) ученици, во учебната 2021/2022 година 25 (дваесет и пет) ученици, и во учебна 2022/2023 година прилив од 10 (десет) ученици.

Училштето реализира советувања на родителите, за што води евиденција и поседува документација. Во учебната 2020/2021 година се реализирани 15 советувања на родители по основ негативна оценка по три или повеќе предмети и 5 советувања по основ на нередовно посетување на настава. Во учебната 2021/2022 година се реализирани 12 советувања на родители по основ негативна оценка по три или повеќе предмети и 14 советувања по основ на нередовно посетување на настава. Во учебната 2022/2023 година се реализирани 7 советувања на родители по основ негативна оценка по три или повеќе предмети и 8 советувања по основ на нередовно посетување на настава. За првото полугодие од учебната 2023/2024 година се реализирани 47 советувања на родители по основ негативна оценка по три или повеќе предмети и 50советувања по основ на нередовно посетување на настава. По советувањата на родителите се реализирани и советувања на учениците.

Исто така изречени се педагошки мерки на учениците и тоа во учебната 2020/2021 година изречени се 69 педагошки мерки – писмена опомена, 14 педгошки мерки – укор и 24 педагошки мерки – намалување на поведението, во учебната 2021/2022 година изречени се 527 педагошки мерки – писмена опомена, 107 педагошки мерки – укор и 43 педагошки мерки – намалување на поведението, во учебната 2022/2023 година изречени се 515 педагошки мерки – писмена опомена, 164 педагошки мерки – укор и 30 педагошки мерки – намалување на поведението.

Според наведените статистички податоци во однос на изрешените педагошки мерки како и состојбата со советување на учениците преземени се мерки од страна на училиштето според законските регулативи и во надлежност на учеилиштето, но не се забележува позитивен ефект односно подобрување во постигнувањата на учениците и намалување на изостаноците како и надминување на настанатите состојби.

Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште. При преминот во друго училиште ги доставува информациите за воспитно

образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

## 2.3 Повторување на ученици

Според интерните училишни акти за успехот на учениците за последните три години има 4 (четири) ученици кои ја повторувале годината во учебната 2020/2021 година, 2 (два) ученици кои повторувале во учебна 2021/2022 година и 7 (седум) ученици кои повторувале во учебна 2022/2023 година. Секоја учебна година се зголемува процентот на учениците кои полагаат државна и училишна матура, и завршен испит.

Училиштето ги запознава учениците и родителите за правото за поднесување на приговор/жалба доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на учебната година или при повторување на учебна година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Во училиштето има процедури за подршка и следење на планирањата за настава. Планирањата на наставниците глобалните,тематско - процесните и оперативни планирања за наставен час се добри. Истите се водат во електронска и во пишана форма. На почетокот на учебната 2023/2024 година, сите наставници изготвиле и доставиле, годишни, глобални и тематски планирања. Планирањата на наставниците ги содржаат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, со посебен акцент реализација на часот од практичната настава. Од посетените часови, дневните планирања на наставниците се добри. Во дневните планирања наставниците ги дефинираат целите на наставата. Во дневните планирања наставниците ги дефинираат целите на наставата. Во оперативните планирања за наставен час, наставниците немаат планирано диференцирани цели и активности за работа со ученици со потешкотии во учењето. Дневно оперативните планирања се усогласени со тематските планирања. Во дел од планирањата на наставниците има изработени критериуми за оценување и употреба на информатичко компјутерска технологија во настава.

Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава дополнителна, додатна настава и други активности, имаат изготвено програма за истите и истата уредено се евидентира . Планирањата на наставниците се следат од стручната служба во училиштето.

За подобро да ја планираат наставата, училиштето има обезбедено учество на семинари и обуки, и воспоставена соработка со стручните лица од Центарот за стручно образование и обука и инструктивна помош на нововработените наставници при изготвување на планирањата. Во училиштето има 7 (седум) наставници – приправници и 1 (еден) стручен соработник – приправник и за нив се определени ментори. Менторите имаат изготвено програма за следење на напредокот во работата на наставниците – приправници односно стручниот соработник приправвник и нивна подготовка за полагање на стручен испит.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности. Во склоп на распоредот на часови има и распоредот на останатите активности на додатна дополнителна, практична настава и учење преку работа кај работодавачи , слободните ученички активности и други активности.

Училиштето има изготвено распоред на часови според просторните капацитети и кадровските можности. Покрај распоредот на часови, има и распоред на останатите активности како шт се додатна и дополнителнанастав, учење преку работа кај работодавач, практична настава, слободните ученички активности и други активности.

## 3.2 Наставен процес

Поголем број на наставници користат разни форми и методи во наставата, што соодветсвуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Најголемиот број на наставници користат добро испланирани и соодветни активни методи за работа со учениците, индивидуално, во парови, во групи или заедничка работа со целата паралелка.

Во поголемиот број на училници има поставено комјутер. Во секоја од училниците има релативно добра интернет врска. Сите наставници се обучени за примена на ИКТ во наставата и за новите образовни технологии во наставата, а мал дел на наставници ги употребуваат за реализација на наставните планирања односно преовладува традиционален начин на резлизација на наставата.

Зададените задачи што се работаат во училиште или дома се поврзани со работата на учениците за време на часот. Изборот на задачи и активности не целосно е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Најголемиот дел од наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи

се исклучиво на учебниците кои им се на располагање. Наставниците ги користат расположивите ресурси и имаат различни приоди за учење и настава.

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на повеќето ученици во секоја фаза на учење. Поучувањето кај поголем број на наставници е јасна и разбирлива на возраста и предзнаењата. Најголем број на наставници наставата ја реализираат со различни интерактивни методи.

Поголемиот број на наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло. Наставниците не манифестираат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и преземаат активности за надминување на таквите стереотипи доколку има таква појава.

Училиштето има воспоставена интерна процедура за следење на наставниот процес и истата се врши најчесто преку посета на наставни часови по претходно изготвен план и распоред. Следењето на наставниот процес го врши стручната служба и директорката на училиштетп, а евиденцијата од посетата на наставните часови се бележи во интерно изготвен формулар. Последната учебна година, во училиштето нема евиденција за посетени наставни часови од страна на ВД директор или педагог.

Наставата се реализира интерактивно. Учениците се активно вклучени во процесот на учење и соработуваат меѓу себе. Во наставните часови наставниците користат форми и методи кои ја зголемува активноста и интересот на учениците за време на часот. Во целост е застапена интеракцијата на релација наставник-ученик и интеракцијата ученик-ученик.

Практичната обука се реализира во реални работни услови во компании кои имаат потреба од стручни кадри кои произлегуваат од обрзовните профили кои се реализираат во ова училиште, како и училишните простории

За соработка и реализација на практичната обука/учење преку работа во текот на учебната 2023/2024 година училиштето има склучено договори со повеќе компании и адвокатски канцеларии во извешатојот ќе се наведат само некулку, Роамер консалтинг, Евро униоен метал, Уро Фати, ТП Скарси ,Грен продукт, Алб консалтинг, ИР-Фа роледер, Флорида, Тими консалтиг и многу други правни субјекти. Училиштето има назначен кординатор за соработката со сите компани со кои имаат склучено договор за учење преку работа.

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

Од разговорите со учениците и коментарите на родителите во анкетните листови училиштето го доживуваат како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.

Заедничкиот училишен простор е уреден. Трудовите на учениците недоволно се изложуваат на видни места во училиштето.

Учениците сметаат дека начинот на кои се учи во училиштето е интересен и тоа што се учи дава можност за работно оспосубување и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

Поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека, дел од наставниците понекогаш им даваат можност самостојно да размислуваат и да го кажаат своето мислење притоа почитувајќи го мислењето на другите и не загрозувајќи ги основните човекови права и различни одговорности во училиштето (во и надвор од наставата). Голем број ученици сметаат дека им се овозможува да работаат со сопствено темпо соодветно на нивниот стил за учење и самостојна работа. Учениците се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелките како и во училиштето.

Учениците сметаат дека училиштето доволно организира, потикнува и мотивира соработка меѓу учениците, негува интеркултурна комуникација и почитување на различностите. Интереакцијата на релација ученик-ученик најчесто е застеапена при

заедничка работа на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи од хетероген состав. Училиштето има склучено меморандум и соработка со соодветни компани за реализација на практичната обука која им овозможува на учениците работа во реални работни услови.

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Најчесто наставниот кадар, и понекогаш стручната служба ги детектира образовните потреби на учениците како и пречките во процесот на учење за поголемиот дел на учениците и повремено се преземаат активности за нивно остварување односно нивно отстранување. По идентификација за нивните образовни потреби, наставниците се трудат да дадат соодветна подршка на таа категорија ученици.

За подршка на учениците со посебни образовани потреби формирани се инклузивни тимови кои работаат според индивидуален образовен план со планирани активности согласно потребите и можностите на учениците со попреченост.

Поголем дел на наставниците користат различни ресурси, приоди и интерактивни техники која ја зголемуваат активноста и интересот за време на часот, со цел во процесот на поучување да им се даде можност на учениците со различни способности да научат најмногу што можат. Во училиштето се организира дополнителна настава, но не во доволен обем, како и по потреба додатна настава најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци. Од анкетата спроведена меѓу учениците поголемиот број од нив се изјаснија дека учествуваат во вонннаставни активности и секции што ги организира училиштето. Не секогаш се изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците.

Училиштето ги идентификува талентираните и надарените ученици. Идентификувањето најчесто го прават наставниците, а со нив се работи повремено најчесто пред одржување на натпревари и други оранизирани манифестаци, односно не се работи со нив во континуитет во текот на цела година.

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Има политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознаени.

Најголем број наставници оценувањето го вршат преку примена на формативното и сумативното оценување со сите форми за оценување. Наставниците користат разновидни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.

Наставниците им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигања. Се оценуваат различни активности и тоа писмени и усмени одговори, тестови, проекти, наставни ливчиња и други инструменти за испитување на знаењето. Поретко е застапено самооценувањето и меѓусебното оценување на учениците . Најчесто застапени се тестовите на знаење на крајот од наставните теми. Најголем дел од наставниците водат грижа оценувањето да биде според ангажирањето на ученикот. Се почитува пристапот за давање на можност за поправање на оценките во сите класификациони периоди.

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврдена постапка за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Најголемиот број на наставници редовно прибираат информациии за постигањата на учениците и даваат транспарентна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и препораки за подобрување на постигањата за секој ученик. Наставниците ги оценуваат постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби согласно со целите дефинирани во индивидуалниот образовен план.

Родителите се информираат за постигнувањата на своите деца преку добро организирани формални и неформални и индивидуални родителски средби. Целосно и

доследно се води евиденција при изрекување на педгошките мерки, а во согласност со Правилникот. Во е-дневникот редовно се евидентираат сите активности за постигањата на учениците и сите информација се достапни до родителите на учениците за оценката.

# 4 Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за одвивање на наставата. Училиштето има пропишано мерки и активности за безбедноста на учениците во училишните простории и училишниот двор. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува опасност за повреди на учениците. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не може да се избегнат, учениците се запознаени за нивното присуство и во континуитет, од страна на наставниците се информираат за можните опасности. При несреќни случаи, во училиштето има 9 (девет) вработени лица кои се обучени за давање прва помош на учениците и истите поседуваат Уверение за успешно завршена обука за прва помош .

Училиштето располага со ПТТ врска, интернет мрежа, громобранска инсталација, 7 хидранти и 11 против пожарни апарати и истите се сервисирани и атестирани од овластена фирма ДПТУ ИНТЕР ПЛАМ со издаден Стручен наод –потврда 24/21 од 16.11.2021 година. Училишниот имот е осигуран со важечки договор од една година од 06.02.2023 до 05.02.2024 година преку Акционерско Друштво за Осигурување Винер-Виена Иншуренс Груп Скопје со Полиса Полиса CIVO358956 и истата опфаќа осигурување на училишната зграда, спортската сала, мебел и опрема. Осигурани се и учениците и вработените. Учениците се осигурани со осигурителна компанија АД за Осигурување WINER Полиса бр.40511000196 важечки договор од една година од 09.10.2023 до 08.10.2024 година како и наставниците во осигурителна компанија УНИКА АД Скопје, со Полиса бр010040006275, важечки договор од една година 28.03.2023 год до 27.03.2024 год.

Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар и техничкиот персонал. За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации бр. 0804-0731/3 од 25.10.2021 година, поседува и план за евакуација и има изведено симулација за постапување во случај на елементарна непогода. Последната симулација во случај на елементарни непогоди или друг вид на непогоди е реализирано на 05.10. 2022 година односно изведена е симулацијаза постапувње при елементарна непогода –пожар .

Хигиената во училишните простории и во ходниците е добра. Училниците се чистат и проветруваат а ходниците се чистат после завршување на секоја смена.

До училиштето има пристап и патоказна табла по кој учениците безбедно поминуваат. Училиштето поседува и сопствен паркинг простор. За безбедноста на учениците во училиштето се грижат дежурни наставници, како и 1 (еден)вработен чувар и обезбедување. Во училиштето има видео надзор од 16 камери кои се распоредени на влезната врата од училиштето и на спортската сала, ходниците, паркинг просторот и училишниот двор. Училиштето има изготвено програма за спречување на насилството во училиштето.

Во училиштето има пишани документи односно кодекс на однесување и куќен ред за сите структури во училиштето во кој се дефинирани сите облици на однесување, и истите се истакнати на соодветни видни места. Во училиштето се санкционира секаков облик на насилство манифестиран од било која структура и училиштето има воспоставени процедури за справување со таквите појави. Класните раководители имаат теми за работа со содржини за взаемно почитување, рамноправност, инклузија и интекултурност. Проектите кои се спроведуваат во училиштето влијаат за подобрување на меѓусебната доверба, запознавање, дружење и развивање на демократските односи.

Училиштето има политика за забрана на пушење, внесување цигари како и други наркотични средства во училишниот објект. Во училишниот објект поставени се табли за забрана на пушење . Во училиштето не се пуши и забраната за пушење се почитува од страна на учениците и наставниците во училишниот објект .

Во училиштето нема училишна кујна и организирано-обезбедена исхрана. Учениците храната ја обезбедуваат од продавници и деловни простории од непосредната околина.

Во училиштето има ученици со пречки во развојот кои наставата ја следат во редовна настава и тоа 2(два) ученици имаат наод со ментална попреченост и 1 (еден) ученик со физичка попреченост. За ученикот со физичка попреченост училиштето нема обезбедено посебни тоалети, држачи, лифт, но училиштето има приспособено пристап за оваа категорија на ученици односно класот во кој настава следи ученикот со попреченост е распореден на долниот кат, со што е олеснет пристапот и движењето на ученикот и на влезот од училиштето има уредена патека и пристапна рампа.

Училиштето има пропишана процедура за обезбедување на материјални средства за учениците чии семејства се социјално загрозени, кои не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонаставните активности, кои што бараат вложување дополнителни средства. Процедурите се спроведуваат за сите ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. Во ОСЕУ„8-ми Септември“ општина Тетово евидентирани се вкупно 129 ученици од социјално загрозени семејства за учебната 2023/2024 година. Училиштето поседува евиденција за ученици кои потекнуваат со социјално загрозени или ранливи категории за секоја учебна година. За таа цел училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (Центар за социјална работа, хуманитарни организации, Црвен крст, локална и деловна заедница).

## 4.2 Здравје

Тоалетите во училиштето се реновирани и чисти, хигиената се одржува и е на добро ниво. Подот на училниците, скалите, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците, се чистат секој ден, по завршување на секоја смена, а мебелот, вратите и прозорците во училишниот простор генерално се чистат двапати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, редовно се одржува и хортикултурно е уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците, има корпи за отпадоци и училиштето се грижи да воспостави ред за учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи на сите вработени. Последниот систематски преглед е извршен во ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ -Тетово, на 11.09.2023 година .

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести (Потврда Образец број Е-ОК 7.5/9-1 од 01.02.2023 година). Во училиштето два пати во годината се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција. Во соработка со здравствени институции, и во согласност со календарот за имунизација се организира вакцинација а се вршат и систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците и за нив се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена и во Годишната програма за работа на училиштето со конкретни активности. Содржините се однесуваа на едукација за здрава и правилна исхрана, заштита и превенција од СИДА, штети предизвикани од конзумирање алкохол и наркотични супстанци како и штетното влијание на пушењето, како и содржини за заштита на менталното здравје – булизам како вознемирувачки феномен во училиштат.

Воспоставени се договорни процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Овие процедури во пракса ги спроведуваат по потреба и по лична иницијатива на наставниците со соработка на родителот и здравствената установа .

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето има креирано Програма за планирање на кариера на учениците. Дел од наставниците во училиштето им даваат стручна помош на учениците за нивната професионална ориенатција како и за изборот на нивното понатамошно образование. Училиштето на учениците од завршната година им дава јасни и точни информации за понатамошното образование, најчесто преку обработка на теми на класните часови за избор на професија, организирање на предвања и посета од страна на државни и

приватни Универзитети. Учениците се информираат и ги посетуваат отворени денови на Универзитетите кои нудат промотивен материјал и информации за условите и уписите во нив .

Со учениците кои имаат емоционални проблеми во континуитет се разговара со нив и нивните родители, при што советодавно се делува на учениците и на родителите. Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми. Училишниот педагог во соработка со наставниците е задолжен за грижата за учениците со вакви проблеми кои преземаат мерки за надминување на конкретни проблеми кај одредени ученици.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар континуирано води електронски дневник, како и останата педагошка едвиденција и документација. Во поголемиот број случаи интересот на родителите за постигањата учениците е на задоволително ниво.

Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците. Преминувањето на учениците во друго училиште се врши согласно законски поставените процедури, а при преминувањето училиштето доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите во училиштето се добри. Односот меѓу учениците е на задоволително ниво и се базира на взаемно почитување и помагање, почитувањето меѓу учениците од ист и од различен пол, од различно етничко потекло, различен социјален статус. На задоволнително ниво се и односот меѓу наставниците и учениците релацијата наставник-ученик, ученик-наставник, наставник-родител, родител-наставник, и наставник-наставник.

Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување и истите се почитуваат. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување и содржат пропишани процедури за реагирање во случај на ниво прекршување. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и вонннаставните активности. За безбедноста во училиштето се грижи и 1 (еден) чувар и обезбедување. Поведението на учениците споредбено за три учебни години воглавно е примерно. Во училишните извештаи и статистички податоци има податок за намалување на поведението на ученици односно во учебната 2020/2021 година има 39 ученици чие поведение е намалено на добро и 28 ученици чие поведение е намалено на незадоволително, во учебната 2021/2022 година има 170 ученици чие поведение е намалено на добро и 188 ученици со намелено поведение на незадоволително, а во учебната 2022/2023 година 183 ученици имаат намелено поведение на добро и 184 ученици со намалено поведнеие на незадоволително. Дисциплината на учениците во училиштето е добра и генерално се чувствува работна атсмосфера.

Според планот на активности за реализација на еко стандардите, учениците активно се вклучени во реализација на точките на акција од еко-стандардите кои се однесуваат на чистење и одржување на училишната зграда и дворот, во собирањето и селектирањето на сметот, заштедата на електричната енергија, водата и друго. Исто така, учениците се активно вклучени во реализирање на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието .

Училиштето има формирано ученичка заедница и истата придонесува за решавање на проблемите но не и секогаш активно учествува во решавањето на нивните проблемски прашања како и во донесувањето на одлуки за работите што се од непосреден интерес на учениците. Видна е потребата за поенергично ангажирање на Ученичката заедница за работи кои се од интерес на сите ученици. Училиштето е отворено за соработка со локалната самоуправа како и за родителите кои не така често го посетуваат училиштето. Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес.

## 5.2 Промовирање на постигањата

На постигањата на учениците се посветува внимание. Како примарна цел на училиштето во рамки на програмските документи се потенцират постигањата на сите ученици. На наставнички совет, совет на паралелките , стручни активи, родителски средби и патрониот празник се промовират личните постигања на ученици. На крајот на секоја учебна година во училиштето во секој клас се промовира најдобриот ученик од класот, но училиштето нема интерен акт Правилник за избор и наградување на најдобри ученици .

Училиштето има политика на поттикнување и наградување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари и конкурси како и нивно наградување со пофалници за постигнатите резултати.

Постигањата на учениците односно добиените пофалби и награди делумно се поставени на видно место во училиштето. Постигнатиот успех на натпреварите се промовира пред соучениците, наставниците и пошироката заедница, но најчесто само во рамките на училиштето. Промовирањето се врши на родителски средби, училишни приредби, патрониот празник на училиштето и други организирани манифестации. Училиштето во последните неколку години води активна политика на потикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на ниво на локалната заедница и пошироко. Во училиштето нема пишана процедура за наградување на учениците и наставниците ментори на учениците кои со своите постигања и освоени награди го афирмираат училиштето во средината и надвор од неа.

Училиштето презема активности за информирање и вклучување на пошироката заедница на реализација на еколошката програма.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето се запознаени со правата на децата со посебен акцент на правата на учениците со посебни потреби, и препознаваат случаи на нивно нарушување. Училиштето ги запознава учениците со нивните права и се залага да обезбеди еднакви услови за учење и за реализација на воспитно-образовниот процес.

Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи независно од полот, етничка припадност, социјалното потекло и способностите, како за време на часот така и за одморите или вонаставните активности.

Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во држават , без оглед на која етничка група и припаѓаат и на кој јазик ја следи наставата. Учениците се учат како да препознаваат и како да се справуваат со прашања поврзани со дискриминација на глобално ниво. Училиштето организира заеднички настани и вонаставни активности наменети за хетерогени групи.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е добра. Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители и со своите претставници во Училишниот одбор. Училиштето остварува пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишниот одбор. Има примери на вклученост на родителите во активности на училиштето, но проактивост а односно заинтересираноста на родителите во работи на училиштето се на незначително ниво.

Соработката со родителите најчесто е преку родителските средно кои се реализираат најмалку две родителски средби во едно полугодие, а постојат и примери на закажани индивидуални родителски средби. Родителите преку класните раководители ,класните совети, индивидуалните средби, е-дневник, и сл. редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците, успехот за нивните деца и сл.

Училиштето има соработка со локалната заедница преку вклученост во реализација на заеднички проекти, активности и организација и учество на настани од инстерес на заедницата. Преку своите претставници во Училишниот одбор локалната заедница е запознаена со ставовите, потребите и образовните политики за унапредување на статусот на училиштето.

Училиштето остварува добра партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирано учење преку работа односно реализација на практична настава/обука, а доказ за тоа се бројните склучени меморандуми за соработка. Во училиштето се бележи мал број на примери за остварена соработка со граѓанскиот сектор.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Училишниот простор во ОСЕУ„8-ми Септември“ општина Тетово ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Постојат релативно добри просторни услови за одвивање на работата на наставниот кадар и стручната служба, но недоволен училишен простор за организација и реализација на вонаставни активности на учениците. Во училиштето нема кабинетска настава. Наставата се изведува во една училишна зграда од цврста градба со вкупна површина од 2850 м² составени од приземје и два ката. Училиштето располага со училишен двор на површина од 2160 м² од кој 624 $м^2$ е хортикултурно уредена зелена површина.

Наставата се изведува во 26 училници и 2 кабинети, а нивната големина соодветствува на бројот на ученици во паралелките. Исто така во училиштето има 1 (еден)амфитеатар, 1 (една) просторија за медијација и 1 (една) просторија за кариерен центар.

Покрај наведените простории за изведување на наставата во училиштето, постојат и дополнители простории: 1 канцеларија за директорот, 1 канцеларија за пом. Директор, 1 канцеларија на педагог, 1 канцеларија на секретар, 1 канцеларија на благајник, 1 канцеларија на сметководител, 1 канцеларија на раководител на смена, 1 канцеларија за наставниците, 2 простории за архива и 1 библиотека. Училишниот мебел е во добра состојба и е соодветен за потребите и функционирањето на училиштето.

ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово има 1 фискултурна сала која е комплетно нова со вкупна површина 1197 $м^2$. Во рамки на фискултураната сала постојат целосно опремени соблекувални. Училиштето располага со спортски терени и игралишта со вкупна површина од 1850 м2 .

Санитарни простории има во доволен број за учениците како и за вработените и истите се во добра состојба.

Затоплувањето во училишните објекти е со сопствено парно греење на нафта.

Во рамки на училишниот простор има паркинг простор за вработените во училиштето. Училишната зграда и просторот во приземјето се пристапни за учениците со телесни пречки во развојот. Училиштето има јасен план и распоред и максимално и ефективно користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.

## 6.2 Наставни средства и материјали

ОСЕУ „8-ми Септември“ општина Тетово располага со стручна литература, но не во доволна мера. Во училиштето нема доволно книги особено по стручните предмети по сите наставни јазици. Литературата со која располага училиштето не е во согласност со современите технички, развојни и образовни потреби.

Училиштето располага со наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети, но не доволно. Училиштето континуирано ги утврдува потребите за наставни средства, помагала и материјали, вклучувајќи современа стручна литература, учебници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ-опрема, но нема систем за следење на нивната употреба и одржување.

Од наставни средства и помагала училиштето располага со 26 функционални ЛЦД проектори, 43 лап – топ компјутери, 43 компјутери, 4 интерактивни табли, 2 касетофони, 3 ТВ преимници, 1 фотокопир, 2 камери, 1 факс и 11 печатари. За учениците со посебни образовни потреби училиштето нема асистивна технологија.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и учењето. Во наставата планирана е примена на ИКТ, но тоа не се реализира или се реализира во мал обем.

Наставата по спорт и спортски активности се реализира во спортската сала и надворешните терени кои се во функционална состојба. Училиштето има обезбедено спортски реквизити.

Училишната библиотека има вкупно 6210 наслови и тоа лектирни изданија и мал број на стручна литература. Просторот во кој е сместена библиотеката е мал, и истата нема

ниту читална ниту медијатека. Библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води во електронска и пишана форма и истата се води уредно. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден. За распоредот за работење на библиотеката задолжена е стручен соработник – библиотекар. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности и практичната настава, согласно со планот на училиштето.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети. За време на интегралната евалуација во училиштето нема наставници со несоодветно образование. Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби и ја нагласуваат потребата од обуки за работа со деца со посебни потреби. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Наставата во училиштето ја реализираат 112 наставници од кои 94 наставници се со високо образование, 16 наставници имаат завршени магистерски студии и 2 наставници имаат завршено докторски студии. На неопределено работно време се 105 наставници и 7 наставници на определено работно време. Според полот 81 се жени и 31 се мажи, а според етничката припадност 32 се македонци и 80 наставници се албанци. Според работниот стаж во воспитно образовни установи 39 наставници се до 10 години работен стаж, 50 наставници се со стаж од 11-20 години, 21 наставници се со работен стаж од 21-30 година, а 2 наставници имаат работен стаж повеќе од 31 година.

Вработените се редовни на работа, го почитуваат работното време и работните задачи, а редовноста ја следи директорот. Во случај на одсуство на наставник училиштето обезбедува замена.

Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Во училиштето има 7 наставници – приправници и 1 стручен соработник - приправник. Со нив работи определен наставник-ментор, во согласност со изготвена програма за работа со наставник-приправник. Во училиштето нема наставници кои напредувале во звање наставник-ментор или наставник – советник.

Во училишната библиотека ангажирано е едно лице стричен соработник – библиотекар со полно работно време.

Училиштето има еден стручен соработник педагог. Стручниот сорабоник педагог во моментот додека трае интегралната евалуација е приправник и повремено реализира активности за следење на постигнувањата и напредокот на учениците и советодавно помагаат во справувањето со проблемите на учениците.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето има процедури за идентификување на потребите за професионален развој на вработените притоа имајќи ги во предвид веќе стекнатите професионални компетенции. Училиштето нема креирано Програма за професионален развој на наставниците , а мал дел од наставниците изготвуваат личен план за професионален развој.

Училиштето повремено организира дисеминирање на знаењето, јакнење на вештините и способностите на кадарот. Организира и учествува во интерни и екстерни обуки за меѓуетничка интеграција, но потребна е дополнителни обуки на наставниот кадар за работа со учениците со посебни образовни потреби. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Финансиското работење во училиштето е планско, транспарентно и во насока на унапредување на квалитетот на наставата. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.

Училиштето има изготвено финансиски план и план за јавни набавки. За спроведување на јавните набавки училиштетои има формирано комисија за јавни набавки. Финансискиот план, финансиските извештаи и планот за јавни набавки се разгледуваат и се усвојуваат со одлуки од страна на училишен одбор. Во училиштето има назначено лице од вработените за јавните набавки.

За трошењето на финансиските средства од буџетот на училиштето редовно се информираат и вработените во училиштето, родителите и локалната заедница

Училиштето обезбедува обезбедува финансиски средства и од сопствени приходи преку издавање на спортската сала, спроведување на вонредни испити и издавање на педагошка документација. Директорот во консултација со чинителите на образованиот процес во училиштето, како и органите на училиштето обезбедува економичност и правичност при распределбата на буџетот. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е составен од 12 членови согласно со Законот за средно образование. Сите челнови на училишниот одбор се со верифициран и важечки мандат. Работата на училишниот одбор е регулирана со деловник за работа, во кој нецелосно се регулирани постапките за поканување на состаноците на училишниот одбор, доставување на содржина и материјал за состанокот, формат односно содржина и елементи на записник, како и постапката за поканување и присуствуво на други лица на состанокот на Училишен одбор.

Годишната програма за работа на училиштето ја содржи посебната програма за работа на Училишниот одбор. Присуството на состаноците е редовно со кворум за работа. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Соработката со ВД директорката на училиштето е на добро ниво, со остварен партнерски однос со сите структури. Членовите на училишниот одбор се запознаени со сите прашања во врска со воспитно - образовната работа, развојната програма како и за управување со финансиите во училиштето. Запознаени се со целокупното работење на училиштето, програмските документи и извештаите од работата на училиштето и училиштето навремено обезбедува сеопфатни информации за работењето. Членовите на училишниот одбор сметаат дека е добро да се обезбеди обука или дисиминација за подобрување на работењето на Училишниот одбор иако ги знаат своите надлежности дефинирани во законот и Статутот на училиштето.

Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Вд директорката на училиштето е именувана со Решение за именување на вршител на должност на директор донесено од основачот. Фокусот на работењето на ВД директорката е унапредување на квалитетот на наставата со цел создавање кадри компетентни и конкурентни на пазарот на трудот, мотивирање на учениците за активно учество на натпревари и проекти, и афирмирање на училиштето и постигањата на учениците .

Раководниот орган поседува компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во воспитно-образованиот процес на училиштето. Раководниот орган објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето, ја следи работата на наставниците преку прибирање и разгледување на дневно оперативните планирања за реализација на наставен час и повремена посета на часови, донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој, успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, и воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието и други активности кои се од особено значење за средното стручно образовани.

.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика и истите се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици.

Училиштето има извршено Самоевалуација, има изготвено и Програма за развој, но развојните цели не се конкретизирани, не се планираат активности со временска рамка односно развојната програма не содржи елементи кои упатуваат на

имплементација и релизација на целите. Во рамки на програмските документи на училиштето недоволно се содржани акциски планови за постигнување на поставените цели, како и план за евалуација на реализираните активности. При донесување на програмските документи на училиштето се почитуваат законските процедури, но во училиштето нема пропишани процедури за донесување на училишни политики.

Вработените се запознаени со мисијата и визијата и се прават напори за нивно остварување. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

За реализација на целите ВД Директорката на училиштето како законски претставник соработува со Министерството за образование и наука, Центарот за стручно образование и наука, Бирото за развој на образование, Државниот испитен центар Државниот прсоветен инспекторат, Агенција за харии од вредност, како и со локалната и деловната заедница во општината, и други органи на државната управа и субјекти кои се од интерес за успешното работење на училиштето.

# 8 Наоди и препораки

## 8.1 Силни страни

- Голем број на склучени меморандуми за соработка со компании за реализација на практичната обука во реални услови односно учење преку работа кај работодавач;
- Добро развиен процедури за промовирање на струките;
- Грижата за здравјето на учениците и сите вработени во училиштето;
- Учениците се чуствуваат сигурни и безбедни;
- Тимска и транспарентна работа на Раководниот орган преку вклучување на сите структури во училиштето.

## 8.2 Слаби страни

- Наставниците немаат планирано диференцирани активности за работа со талентирани ученици и ученици со потешкотии во учењето.
- Недоволна реализација на дополнителна настава за учениците кои имаат потешкотии при совладување на материјалот

- Недоволна работа со талентирани и надарани ученици односно повремена реализација на додатна настава;
- Училиштето ја следи редовноста на учениците и изготвува статистички извештаи, но не ги анализира причините за отсуство од наставата (неоправдано и оправдано) и не презема конкретни активности за подобрување на редовноста;
- Училиштето нема интерен акт за избор и наградување на најдобрите ученици;
- Училиштето нема воспоставен систем на идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;
- Училиштето нема доволно лектирни изданија и стручна и современа литература по струки/сектори и профили;
- Недоволна примена на ИКТ при реализација на наставата;
- Во развојната програма на училиштето, развојните цели не се конкретизирани, не се планирани активности со временска рамка односно развојната програма не содржи елементи кои упатуваат на имплементација и релизација на целите;
- Потреба од дополнителен просторен капацитет за реализација на кабинетска настава, како и слаби просторни услови за училишната библиотека;
- Деловникот за работа на Училишниот одбор, содржи нецелосно регулирани постапки за поканување на состаноците на училишниот одбор, доставување на содржина и материјал за состанокот, формат односно содржина и елементи на записник, како и постапката за поканување и присуство на други лица на состанокот на Училишен одбор.

## 8.3 Препораки

- Во своите планирања, наставниците да планираат диференцирани активности за работа со талентирани ученици и ученици со потешкотии во учењето.
- Дополнителна и додатна настава да се реализира во пропишаниот обем и според потребите на учениците
- Училиштето да врши анализа на причините за отсуство од наставата (неоправдано и оправдано) да презема конкретни активности за подобрување на редовноста;
- Училиштето да креира интерен акт за избор и наградување на најдобрите ученици;
- Училиштето да воспостави систем за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;
- Училиштето да отпочне постапка за набавка на лектири и стручна соверемена литература за двата профили;
- Поголема примена на ИКТ при реализација на наставата;
- При креирање и донесување на разојна програма да се конкретизраат развојните цели, односно да се планираат активности со временска рамка и истата да содржи елементи кои упатуваат на имплементација и релизација на целите;
- Училиштето да отпочне постапка за проширување на просторни услови ;
- Да се изврши дополнување на Деловникот за работа на Училишниот одбор, со цел регулирање на постапките за поканување на состаноците на училишниот одбор, доставување на содржина и материјал за состанокот, формат односно содржина и елементи на записник, како и постапката за поканување и присуство на други лица на состанокот на Училишен одбор.

| | |
|---|---|
| **Андријана Томовска**, Раководител на инспекцискиот тим/ Udhëheqës i ekipit të inspektorëve | |
| **Ylber Zenku,** Виш инспектор/ Inspektor i lartë | |
| **Xhelal Bexheti**, Инспектор/Inspektor | |
| **Јелена Деспиниќ Кировска**, Инспектор/Inspektor | |